**Општина Охрид**
**Сектор за Туризам и Локален Економски Развој**
**Одделение за туризам**

**Годишен извештај за реализација на**

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2017 – 31.12.2017 ГОДИНА**

Датум 05.03.2018 ....................................................

***Сектор за ТЛЕР***
***Раководител***
***М-р Ѓоко Апостолов***

Извештајот е изработен за период од една година и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за туризам и локален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.01. до 31.12.2017 год. за реализација на:

- РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2017 – 31.12. 2017 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2017 – 31.12.2017 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности**

2. **Промоција на Охрид како туристичка дестинација**

3. **Развој на туристичка инфраструктура**

4. **Подготовка на проекти и проектно управување**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Анализа на состојбите во областа на алтернативиот туризам и утврдување на правци за идниот развој
- Анализа за искористеност и употреба на локално произведени продукти кои се користат во хотелско – угостителскиот сектор
- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2632 станоиздавачи)
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Јавен повик за субвенционирање на таксата за привремен престој на физиките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем,
- Промоција на туристичката понуда на Охрид во Москва – Русија,
- Промоција на Охрид во руски медиуми,
- Охрид претставен на саемот за туризам во Велико Трново – Р. Бугарија,
- Репортажа на Охрид во полскиот магазин “KONTYNENTY“,
- Активности за поставување и поставени јавни тоалети (амам/летница и горна порта),
- Објавен јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризам за 2017,
- Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи,
- Промоција на туристичката понуда на Охрид и организација на Охридски денови во Белград – Р. Србија
- Учество на меѓународната средба на историски градови по водениот пат во Истанбул – Р. Турција
- Спроведување на анкетни истражувања за состојбата на туризмот и угостителството во Охрид на домашни и странски гости.

- Организација на манифестацијата ВИНО И СИРЕЊЕ 2017
- Организација на манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА 2017
- Организација на манифестацијата ДЕНОВИ НА МЕДОТ
- Организација на манифестацијата ОХРИД КРАФТ
- Организација на манифестацијата БЕЛО ЛЕТО 2017

**<u>Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1</u>**

# АНЕКС 1

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2017 год.

1. Управување со туристички дејности

2. Промоција на Охрид како туристичка дестинација

3. Развој на туристичка инфраструктура

4. Подготовка на проекти и проектно управување

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2017 год. во однос на 2016 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2017 – 31.12.2017 год.**

**1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ**

| Бр. | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид - активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор** | | | | | |
| **1** | Јануари-Декември 2017 | Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | Во рамки на активностите на SWISS Contact и IMEI програмата, а во соработка со универзитетот во Сент Гален, се изработува Стратегија за развој на туризмот на Општина Охрид | Стратегијата е во финална фаза, односно драфт верзијата која беше доставена до Општина Охрид и за истата беа дадени забелешки, треба да се финализира и истата да биде дадена на усвојување на Совет на Општина Охрид | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.2. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1** | Јануари-Декември 2017 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани се вкупно 2632 станоиздавачи | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **2** | Јануари-Декември 2017 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во текот на 2017 година продолжени се 146 решенија за категоризација | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| **3** | Јануари – Декември 2017 | Регистрација на физички лица кои вршат услужни дејности поврзани со | Согласно Законот за туристичка дејност сите вршители на туристички услуги поврзани со | Во секторот за ТЛЕР се регистрирани 4 физички лица од оваа област, | Не се потрошени |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | водениот превоз | водениот превоз се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општина Охрид | даватели на услуги поврзани со водениот превоз – кајчиња. | финансиски средства |
| **4** | Јануари – Декември 2017 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должми се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за 2017 год. согласно надлежноста заверени се 90 нормативи за храна и пијалоци | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.3.** | **Анализа на состојбите во областа на алтернативниот туризам и утврдување на правци за идниот развој во оваа област** | | | | |
| **1.** | Јануари-Јуни 2017 | Анализа на состојбите во областа на алтернативниот туризам и утврдување на правци за идниот развој во оваа област | Согласно Г2 Програмата за поттикнување и развој на туризмот на општина Охрид за 2017 година, во втората половина на февруари и првата половина на март беше извршено анкетно истражување на терен на регистрирани даватели на услуги во областа на руралниот туризам. Добиените податоци се обработени и систематизирани во финална анализа. | Изготвена анализа на состојбите во областа на алтернативниот туризам и утврдување на правци за идниот развој во оваа област. Анализата ќе се користи при изготвување на идни стратешки и развојни документи | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.4. Анализа за искористеност и употреба на локално произведени продукти кои се користат во хотелско-угостителскиот сектор** | | | | | |
| **1** | Јануари-Јуни 2017 | Анализа за искористеност и употреба на локално произведени продукти кои се користат во хотелско – угостителскиот сектор | Согласно Г2 Програмата за поттикнување и развој на туризмот на општина Охрид за 2017 година, во втората половина на февруари и првата половина на март беше извршено анкетно истражување на терен во хотелско угостителските објекти на територијата на општина Охрид, обработка, анализа и | Изготвена анализа за искористеноста и употребата на локално произведени продукти кои се користат во хотелско угостителскиот сектор. Анализата ќе се користи при изготвување на идни стратешки и развојни документи | Не се потрошени финансиски средства |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | интерпретација на добиените податоци. Добиените податоци се обработени и систематизирани во финална анализа. | | |
| **1.5. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| **1** | Јануари – Декември 2017 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | По објавениот јавен повик за субвенционирање на физичките лица кои вршат угостителска дејност (50% од извршената уплата на Таксата за привремен престој) во месец јануари имаат аплицирано вкупно 44 физички лица а во месец јули 49 физички лица кои вршат угостителска дејност | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринело до подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. | Вкупно исплатени се 550.740 мкд за 49 барања, од кои за вториот период (јули – декември 2016) извршена исплата во износ од 40.720,00 ден. за 14 барања, а за периодот јануари – јуни 2017 исплатени се 510.020 мкд за 35 барања |
| **1.6. Субвенционирање на авио превозници** | | | | | |
| **1** | Јануари – Јуни 2017 | Субвенционирање на линијата Охрид – Лутон – Охрид на Авиокомпанија Визер, согласно потпишан договор. | Согласно развојната Програма за Туризам 2015-2018, во 2015 отворена е нова директна авио линии на релација Охрид - Лутон – Охрид. На барање на операторот Wizzair, договор е раскинат без финансиски обврски за општина Охрид почнувајќи од 2017. Линијата е оперативна од март до октомври. | Зголемен е бројот на туристи кои доаѓаат со оваа линија. По извршените анализи од страна на одделението за туризам констатирано е дека само на релацијата Охрид - Лутон – Охрид за периодот од Април до Декември 2016 се превезени преку 8000 патници, а во 2017 реализирани 9673 пристигнати патници. | Исплатени финансиски средства во износ од 8.047.416,00 ден за субвенциите од 2016 год. За 2017 не се потрошени средства бидејќи договорот е раскинат. |

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

| Бр. | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Електронски маркетинг и онлајн промоција на туристичката понуда на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Април-Декември 2017 | Електронски маркетинг и онлајн промоција на туристичката понуда на Охрид | Активноста предвидува комплетно редизајнирање на постоечата веб страна www.ohrid.com.mk и нејзино дополнување со нови содржини. Воедно преку оваа активност е предвидено и изработка на мобилна апликација преку која сите коирсници ќе имаат можност да се запознаат со туристичката понуда и услуги од Охрид преку преносните уреди (мобилни телефони, таблети и сл). | Извршени анализи и разговори со економски оператори од оваа област. Објавен оглас за јавна набавка во два дела - редизајнирање на постоечата веб страна www.ohrid.com.mk и изработка на мобилна апликација. За прввиот дел е избран оператор со кој е потпишан договор и страната е во фаза на подготовка (ќе биде завршена во 2018), а за вториот дел двете објави беа неупешни (нова објава ќе има во 2018) | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.2 Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
| **1.** | Април-Јуни 2017 | Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми | Извршена анализа за најдобра понуда за избор на странски печатен и електронски медиум за објава на репортажа за Охрид и промоција на туристичкиот потенцијал. | Со оглед на воведувањето на нови чартер летови од Полска за Охрид, избран е полскиот туристички магазин KONTYNENTI, како еден од најпопуларните и најтиражните туристички магазини на полскиот пазар. Објевена репортажа | Потрошени финансиски средства во износ од 98.416,00 ден |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | за Охрид во познатиот магазин со тираж од 12.000 примероци | |
| **2.4. Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1** | Април 2017 | Туристичка промоција на Охрид во Велико Трново – Р. Бугарија. | Општина Охрид традиционално секоја година за време на одржувањето учествува на Меѓународниот Саем за туризам во Велико Трново. | Пред бројните учесници, гости и претставници на туристички агенции, туроператори, медиуми и новинари од Р. Бугарија, Турција, Виетнам, Јужна Африка, Португалија, Шпанија, Индонезија, беа презентирани културно – историските знаменитости, природните богатства, различните форми на активен туризам, како и богатата содржина на сместувачките капацитети во Охрид. Во рамки на саемското претставување, Општина Охрид учествуваше на Филмскиот фестивал кој се одржа во склоп на Меѓународниот саем за туризам, со две видео презентации во категориите “Promotional film” во времетраење од 3 – 20 минути и “Advertising film” до 180 секунди. | Потрошени финансиски средства во износ од 12.000,00 ден |
| **1** | Април 2017 | Туристичка промоција на Охрид во Москва, Русија | Одржана туристичка промоција на Охрид во хотел „Златен Прстен“ во Москва пред голем број на туроператори и новинари од | По средбата во Федералната агенција за туризам на руската Федерација во елитниот хотел “Златен прстен”, во | Исплатени финансиски средства во износ од 206.839,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Русија | центарот на Москва се одржа една од најпрофесионалните промоции и презентации на охридската туристичка понуда. Присуствуваа голем број на тур оператори, туристички агенции, новинари и амбасадори на Балканските земји. Понатаму следеа професионални видео презентации во кои беа прикажувани убавините на Охрид и поединости од охридската туристичка понуда. На коктелот кој следеше беа остварени бројни билатерални средби помеѓу претствници на локалната и претставници на туристичкиот бизнис во Русија, во кој беше изразено јасно задоволство и воодушевување на присутните од она што го видоа во текот на презентацијата и од кои произлегоа иницијативи за отпочнување на соработка во туризмот. | |
| **3** | Април-Јуни 2017 | Промоција на Охрид на меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризмот на РМ испратен е промотивен материјал за промоција на | Преку агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ испратени се промотивни материјали како | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | град Охрид на меѓународните туристичкиот саем во Тирана, Р. Албанија.<br>Оваа активност опфаќа промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид во таргетирани странски земји кои по извршени анализи се покажале како потенцијални туристичко-емитивни подрачја. | туристички водичи на град Охрид, фотоброшури, постери, брошура на манифестации и др. вид на промотивен материјал се со цел промоција на Охрид во меѓународните туристички саеми и зголемување на бројот на странските туристи. | |
| **2.5. Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките производи** | | | | | |
| **1** | Јануари 2017 | Организација на манифестација "Богојавление Водици 2017" | Општина Охрид во заедничка соработка со МПЦ ја организира манифестацијата Водици 2017 која традиционално се одржува на 19 и 20 Јануари. Беа поканети и присуствуваа видни личности и делегации од повеќе странски земји, како и голем број на гости од државата и странство. | Успешна реализација на манифестацијата во делот за кој општина Охрид имаше надлежност и ингеренции.<br>Преку ваквите манифестации и празници се настојува да се привлечат посетители и туристи со што Охрид би станал туристичка дестинација и во зима. | Нема потрошени финансиски средства |
| **2** | Август 2017 | Организација на манифестацијата "ДЕНОВИ НА МЕДОТ" | Во коорганизација со Пчеларското здружение "Охрид" од Охрид, од 4 до 7 август на плоштадот "Крушевска Република" – кај Чинарот, се одржа манифестацијата "Денови на Медот". | Преку изложените производи на штандовите, посетителите имаа уникатна можност повеќе да се запознаат со медот и неговите производи, а воедно имаа и можност да вкусат дел од разноврсните производи како дел од туристичкиот производ на овој регион | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3** | Август 2017 | Манифестација Ohrid Craft Expo 2017 | Манифестацијата се одржа во периодот од 17 до 19 август на плоштадот “Крушевска Република”. Целта на манифестацијата е да го промовира занаетчиството и занаетчиите, односно нивните производи и услуги, да го доближи занаетчиството до младите луѓе до граѓаните и до институциите, да поттикне континуирана кампања за промоција на занаетчиството како фактор за економски развој за зачувување на традицијата и културата на нашата земја. | Промоција на широката палета на производи (сувенири, бакрорез, книговез, накит) создадени од вештите раце на занаетчиите и воспоставување поинтензивна соработка во делот на зголемување на мерките за поддршка на занаетчиството кое нуди перспектива за вработување на младите поддржани преку проекти за почнување мали бизниси | Не се потрошени финансиски средства |
| **3** | Август 2017 | Фестивал на Вино и Сирење 2017 | Манифестацијата се одржа во периодот од 11 до 12 август на плоштадот “Крушевска Република”. Преку оваа манифестација се изврши промоција на руралните производи –разни видови на сирења и квалитетни сортни вина на производители од Македонија.<br>Фестивалот беше збогатен со настап на културно уметнички друштва. | На манифестацијата присуствуваа голем број на домашни и странски гости пред кои беа промовирани разни видови на сирења и вина, со што се изврши промоција на туристичката понуда | Не се потрошени финансиски средства |
| **4** | Септември 2017 | Организирана манифестација Охридска Софра, со цел промоција на традиционална храна и пијлаци, како и други форми на традиционални и културни вредности од Охридскиот крај. | Секторот за ТЛЕР традиционално ја организира манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА на 2 Септември во с. Скребатно. Во склоп на манифестацијата беше извршена промоција на подготвените ѓомлезина, традиционалната македонска | Промовирани Охридски тадиционални јадења и пијлоци пред голем број на гости од државата и странство. Во натпреварувачкиот дел учество зедоа 16 учесници од кои трочлената комисија ги избра | Потрошени финансиски средства во износ од 64.000,00 ден. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | храна и пијлоци, специјалитетите од готвачи од охридските ресторани и хотели, како и традиционалните охридски јадења приготвени од учениците од средното угостителско училиште Ванчо Питошески. Манифестацијата беше збогатена со настап на групата "Билјана Јуниор". | најдобрите и им додели награди во вкупен износ од 20 000ден. Манифестацијата беше медиумски покриена од голем број на локални и национални телевизии, како и интернет портали. | |
| **2.6 Организација на "БЕЛО ЛЕТО 2017"** | | | | | |
| **1** | Јули 2017 | Организација и реализација на манифестацијата Бело Лето 2017 | Оваа манифестација вклучува промоција на три сегменти од туристичката понуда на Охрид. Настапија светски познатиот џез гитарист и композитор Владимир Василески Четкар со неговиот секстет со концерт на плажата Лабино и познатиот теаетар Славија од Белград, Р. Србија, кој во предворјето на црквата Св. Софија ја одигра претставата Коштана. На овој начин, традиционално, симболички се означува почетокот на летната туристичка сезона во Охрид. Манифестацијата „Бела Ноќ" вклучуваше работа на угостителските објекти, без ограничување, цела ноќ. | Оваа манифестација го означува почетокот на летната туристичка сезона во град Охрид. Присутни беа голем број на туристи и посетители од Македонија и странство. Со манифестацијата се збогатува туристичката понуда на Охрид. | Потрошени финансиски средства во износ од 382.221,00 ден |
| **2.7 Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Јануари – март 2017 | Печатење на промотивни материјали по разни сегменти како фотобошура, Водич на град Охрид, Брошура за активен туризам, Ќеси, Постери, Флаери итн | Во рамки на оваа активност предвидено е изработка на нов и репринт на постоечкиот промотивен материјал преку објавување на тендер. | Подготвена е тендерска документација. Избран е економски оператор и потпишан договор. | Во 2017 извршена исплата за 2016 и 2017 г за печатен промотивен материјал во износ од 451.799,00 ден и изработка на промотивни видео спотови во износ од 918.000,00 ден |

## 3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1 Туристички информативни центри** | | | | | |
| **1** | Април-Јуни 2017 | Опремување на туристички информативен центар | Во рамки на проектот WATERNET во 2016 г, поставен е модерен туристички информативен центар во строгиот центар на Охрид со цел давање на информации на туристите и посредување при сместување на гости. | Направено е уредувањето на внатрешноста, извршен е приклучок на вода, канализиција, струја, како и опремување на тоалет. | Реализирани се 8.910,00 мкд |
| **3.2 Обележување (сигнализација) на туристичките места** | | | | | |
| **1** | Април-Јуни 2017 | Сигнализација на туристички места | Со цел подигнување на континуирано подигање на квалитетот на туристичката инфраструктура, предвидено беше поставување на информативни табли, патокази, хот спот уреди и друга туристичка сигнализација на одредени локации и објекти на територијата на општина Охрид. | Објавени јавни повици за информативни табли и хот спот уреди. Јавните повици не беа успешни и не се избра економски оператор. Истата активност ќе се реализира во 2018 | Нема потрошени финансиски средства |
| **3.3 Поставувањње на јавни тоалети** | | | | | |
| **1** | Јануари-Декември 2017 | Поставување на два јавни тоалети во Охрид | Во рамки на програмата за 2017 на ЈЗПР за Општина Охрид се предвидени набавка и поставување на два јавни тоалети. Локациите се одредени согласно програмата за поставување на урбана опрема (Горна Порта и ТЦ Амам). | Распишан е тендер за поставување на јавните тоалети од страна на ЈЗПР. По изборот на економски оператор, во овој период се подготвија локациите и се поставија двата тоалети. | Реализирани се 143.070,00 мкд за 2017, во 2018 треба да се доисплата 352.351,00 мкд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.4. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем** | | | | | |
| **1** | Април-Јуни 2017 | Ажурирање и дополнување на потадоци на чинителите на угостителско-туристичките субјекти за промотивни цели | Бесплатно рекламирање на сите угостителско - туристичките субјекти од Охрид на веб страната www.ipult.info | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион | Нема потрошени финансиски средства |
| **3.5. Финансирање на локални микропроекти со цел поттикнување на развојот на туризмот** | | | | | |
| **1** | Април-Јуни 2017 | Имплементација на одобрените проекти по извршена евалуација според однапред одредени критериуми, поднесени од страна на урбани и месни заедници, како и невладини организации според објавениот повик за финансирање на микропроекти. | Целокупната постапка започна со подготвување на јавниот повик за поднесување на проектни апликации, избор на Комисија за евалуација на поднесени апликации, како и критериуми врз основа на кои се врши избор. Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка равој на туризмот и туристичката инфраструктура. | По завршената процедура за преглед на поднесената проектна документација во однос на подобност спрема условите кои се дадени во повикот за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, месни и урбани заедници, одбрани беа 4 проектни апликации кои беа соодветни со критериумите на повикот и приоритетите. За сите се потпишани договори и 2 апликанти реализираа активности.<br><br>Апликанти кои потпишаа договори и реализираа активности:<br><br>1. ЗЛГ Нуркачки центар АМФОРА – Охрид – „Танцот на пастрмките- ДВД на англиски и холандски јазик“, (Износ за финансирање 126.000,00 мкд).<br>2. Тур Здр. Асоцијација Билјана - Охрид – „Партерно уредување на туристички комплекс Рајца-Манастириште Љубаништа“ (Износ за финансирање 60.000,00 мкд) | Вкупна сума која е исплатена согласно потпишаните договори и реализираните активности: 186.000,00 мкд |

# 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| **4.3. Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Јануари - Јули 2017 година | Проект LAKtive Tourism, од програмата COSME на Европската Комисија. | Проект LAKtive Tourism е аплициран и реализиран во партнерство на конзорциумот од организации од 5 европски држави (Италија, Словенија, Шпанија, Ирска и Македонија) од Мрежата на градови со Езера. Проектот предвидуваше активности со цел зголемување на бројот на повозрасни туристи во ниска сезона во градовите учесници во проектот. Проектот започна да се реализира во Март 2016, и траеше 15 месеци заклучно со јули 2017. | • Присуство на Состанок на проектните партнери во Блед, Словенија. Во корелација со концептот на проектот беа реализирани активности според спецификата на таа туристичка дестинација<br>• Организација на Состанок на сите проектните партнери во Охрид,<br>• Организација и реализација на Пилот Тест Промоција на концептот за патување во ниска и средна сезона за целната група на проектот- престој на поголема група на сениори од Италија (50 туристи) 5 дневен аранжман. Охрид се претстави со својата туристичка понуда која се базираше на нашето светско културно и светско природно наследство, традициите, охридските занаети и промоција на различни видови на туризам. Туристите сениори и проектните партнери беа воодушевени од убавината и туристичките потенцијали на Охрид.<br>• Организација на почетна прес конференција во Охрид за промоција на Проектот LAKtive Tourism<br>• Организација на дисеминациски настан за Проектот LAKtive Tourism<br>• Присуство на Фестивалот на | Износот на реализирани средства изнесува 906.606,00 мкд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | езерата во Исео Италија (водечки партнер на Проектот), како и присуство на Глобален состанок на Мрежата на Европски езера во Италија за активности во рамките на проектот.<br>• Подготовка на Видеа, Брошура и промотивен материјал за проектот LAKtive Tourism<br>• Подготовка на Истражување и Анализа на состојбите во туризмот во Охрид за потребите на целната група туристи- сениори<br>• Врз основа на претходната Анализа, креирани беа туристички производи базирани на спецификите на Охрид како туристичка дестинација<br>• Мониторинг активности<br>• Завршна Прес конференција во Охрид за медиумите и јавноста за проектот LAKtive Tourism | |

## II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2017 до 31.12.2017** година е следна:

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци од 01.01 2017 – 31.12. 2017)**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р.Бр** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 222880 | 145032 | 367912 |
| **2** | **Февруари** | 258400 | 32392 | 290792 |
| **3** | **Март** | 150680 | 81032 | 231712 |
| **4** | **Април** | 131096 | 21440 | 152536 |
| **5** | **Мај** | 1093696 | 116832 | 1210528 |
| **6** | **Јуни** | 1468528 | 104272 | 1572800 |
| **7** | **Јули** | 2154048 | 310296 | 2464344 |
| **8** | **Август** | 3254424 | 434112 | 3688536 |
| **9** | **Септември** | 3526376 | 601008 | 4127384 |
| **10** | **Октомври** | 2521176 | 273888 | 2795064 |
| **11** | **Ноември** | 1097408 | 157360 | 1254768 |
| **12** | **Декември** | 313440 | 92992 | 406432 |
| | **ВКУПНО** | 16192152 | 2370656 | 18562808 |

**Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 18.562.808,00 денари.**

**Споредба Јануари - Декември**

**За споредба, во 2016 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 16.466.866,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2017 година е зголемена за 13 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот период во 2016 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2017 год. во однос на 2016 год.)**

| | **РЕГИОН НА ОПШТИНА ОХРИД - ТУРИСТИЧКИ ПРОМЕТ (НОЌЕВАЊА)** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Р.Б** | **Месец** | **Дом. Ноќевања** | | **Однос %** | **Стр. Ноќевања** | | **Однос%** | **Вкупно Ноќевања** | | **Однос %** |
| | | **2016** | **2017** | **2017/16** | **2016** | **2017** | **2017/16** | **2016** | **2017** | **2017/16** |
| 1 | јануари | 2575 | 2030 | 78.8 | 5139 | 5442 | 105.9 | 7714 | 7472 | 96.9 |
| 2 | февруари | 2875 | 2688 | 93.5 | 3589 | 4135 | 115.2 | 6464 | 6823 | 105.6 |
| 3 | март | 3009 | 5316 | 176.7 | 7027 | 8471 | 120.5 | 10036 | 13787 | 137.4 |
| 4 | април | 7763 | 9773 | 125.9 | 16158 | 21270 | 131.6 | 23921 | 31043 | 129.8 |
| 5 | мај | 17410 | 20005 | 114.9 | 36940 | 41677 | 112.8 | 54350 | 61682 | 113.5 |
| 6 | јуни | 19641 | 21166 | 107.8 | 43373 | 49963 | 115.2 | 63014 | 71129 | 112.9 |
| 7 | јули | 37518 | 37064 | 98.8 | 58666 | 83252 | 141.9 | 96184 | 120316 | 125.1 |
| 8 | август | 34126 | 37919 | 111.1 | 56905 | 90447 | 158.9 | 91031 | 128366 | 141.0 |
| 9 | септември | 17226 | 12542 | 72.8 | 44842 | 55569 | 123.9 | 62068 | 68111 | 109.7 |
| 10 | октомври | 11441 | 8443 | 73.8 | 22978 | 26000 | 113.2 | 34419 | 34443 | 100.1 |
| 11 | ноември | 4324 | 4291 | 99.2 | 5742 | 7104 | 123.7 | 10066 | 11395 | 113.2 |
| 12 | декември | 2709 | 4352 | 160.6 | 7348 | 12070 | 164.3 | 10057 | 16422 | 163.3 |
| | **ВКУПНО** | 160617 | 165589 | 103.1 | 308707 | 405400 | 131.3 | 469324 | 570989 | 121.7 |

**Согласно податоците од Општинскиот инспекторат, бројот на ноќевањата од основни објекти во 2017 година во однос на 2016 година, е зголемен за 21.7 % и тоа : кај домашните ноќевања има зголемување за 3,1 % , а кај странските има зголемување за 31,3 %.**